КРАТОВО 1213
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр 08 – 1185/7
11. 09. 2023 год
КРАТОВО

**ОПШТИНА КРАТОВО**
**Плоштад „Маршал Тито„ бр.1 ,1360 Кратово**
**контакт тел.031/481-202**
**www.opstinakratovo.gov.mk/contact.kratovo@gmail.com**

# ЗАПИСНИК

## од спроведениот практичен дел од испитот за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување Лиценца за инспектор ( Службен весник на РСМ бр.238/19) на ден 13.09.2023 година, со почеток во 11 часот во службените простории на Општина Кратово пред Комисија за полагање на практичен дел од испитот за инспектор, формирана од Градоначалникот на општина Кратово со Решение бр.08-1185/5 од 06.09.2023 година, во состав:

- **Орце Петковски – Ментор**, Советник инспектор - Овластен градежен инспектор од општина Кратово;
- **Бранко Велиновски – Член, Раководител на Одделение за инспекциски надзор -** Виш комунален инспектор од општина Крива Паланка;
- **Наталија Марковска – Член**, Помлад инспектор – Овластен комунален инспектор од општина Крива Паланка;
- **Ресул Шемо – Член од Инспекциски Совет** од областа на градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт,

се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со Лиценца за инспектор.

Кандидат за полагање на практичниот дел од испитот за стекнување Лиценца за инспектор е Иван Пешевски, на работно место Советник инспектор – Овластен комунален инспектор во Одделение за инспекциски надзор во општина Кратово.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување лиценца за инспектор при што кандидатот изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка на инспекцискиот надзор, спроведување на инспекцискиот надзор со подготвување на инспекциските акти, затворање на инспекцискиот надзор и документирање на инспекцискиот надзор.

Кандидатот за инспектор презентираше и вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Иван Пешевски, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- планирање и подготовка на инспекцискиот надзор - 15 бодови;
- спроведување на инспекцискиот надзор – 25 бодови;
- затворање на инспекцискиот надзор – 30 бодови; и
- документирање на инспекцискиот надзор – 15 бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Иван Пешевски ТО ПОЛОЖИ практичниот дел од испитот за стекнување со Лиценца за инспектор со освоени вкупно 85 бодови.

Полагањето на испитот се одржа во следниот временски термин:

- Почеток во 11 часот на 13.09.2023 година;
- Завршување во 13 часот на 13.09.2023 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот за Лиценца за инспектор:

1. **Орце Петковски** ____________
2. **Бранко Велиновски** ____________
3. **Наталија Марковска** ____________
4. **Ресул Шемо** ____________